2

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Примено: 27-01-2021
19-6/1
Хрсина 25/14-20

**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Програма за психосоцијална помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство**
(Име на проектот)

Скопје, 25.01. 2021 година
(Место) (датум)

| 1. Општи информации за проектот и корисникот |
|---|

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | Бр. 25-24/1 од 19.6.2020 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта -Скопје |
| Наслов на проектот | Програма за психосоцијална помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство |
| Период на спроведување на проектот | од 01.07.2020 година до 31.12.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Јасмина Димишковска Рајковска |
| Проектен менаџер | Маја Варошлија |
| Телефон и е-пошта за контакт | mvaroslija@lastrada.org.mk<br>070 367 639 |
| Цел на проектот | Главната цел на проектот е да обезбеди услуги и ефективна помош на жртвите на трговија со луѓе во Република Северна Македонија за време на ситуацијата со COVID 19. |
| Целна група | Корисници на програмата се жени и девојки потенцијални и/или жртви на трговија со луѓе. Дополнително програмата е наменета за жени и девојчиња жртви на сексуално насилство, од сите возрасти кои доживеале било каква форма на сексуално насилство. |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Актиностите се одвиваа на национално ниво. Специфично најголем дел од активностите беше спроведен во Скопје – каде што се наоѓа Центарот за жртви, и во местата на живеење на жртвите вклучени во проектот. |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 810 000,00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 810 000,00 ден. |

| **2. Резиме** - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници) |
|---|

Во текот на спроведување на проектот Отворена порта продолжи да обезбедува стручна помош и огранизрање на ефикасно функционирање на Центарот за жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство (ЦЖТЛСН). Работата на стручниот тим е организрана во 24 часовни смени. По настанување на пандемијата со КОВИД-19 во Центарот се обрна особено внимание на равивање на протоколи за заштита од вирусот по препораките од Министерство за здравство, како и начин на сместување и постаување со жртвите. За периодот на спроведување на проектот стручниот тим на Отворена Порта обезбеди помош и поддршка за 8 лица, потенцијални и жртви на трговија со луѓе. Помошта за жртвите беше обезбедена и во текот на престојот во Центарот и во местото на живеење на жртвите по напуштање на Центарот преку активности за нивна реинтеграција во општеството.

Во рамките на Центарот редовно се спроведува програмата за психо-социјална помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство за нивно полесно и поуспешно вклучување во тековните процеси на општественото живеење. Во текот на престојот стручниот тим на Отворена Порта прави проценка на индивидуалните потреби на секоја жртва и потоа се се задоволуваат основните потреби од храна, облека, хигиенски средства. Исто така се реализираа редовни секојдневни едукативни, окупациски и рекеративни работилници по претходно подготвена програма. Дополнително, обезбедени

се специјализирани услуги од надворешни соработници како што е психијатар во однос на ординирање на психијатриска терапија. Во секојдневните активности е вклучено психосоцијалното советување кое се дава во форма на индивидуални и групни сесии со користење на техники и интервенции од различни правци на психосоцијалната теорија. Во континуитет се реализраат средби и контакти со ЦСР и назначените старатели и во зависност од случајот се придружуваат на средби со блиски членови од семејството кое што се оргазнизира надвор од рамките на Центарот.

Програмата за реинтеграција и ресоцијалзиација ги опфаќа и жртвите кои се сместени надвор од Центарот а се вклучени во програмата за помош и подршка на жртвите. Со овие лица исто така се спровдуваат редовни советувања како и советувања на нивните семејства на теми од интерес. Дополнително за нив исто така се обезбедуваа различни услуги како што се правната помош, медицинска помош, вклучување во образование и др.

Дополнително, како дел од интервентните мерки за помош во ситуација на КОВИД 19 набавени и дистрибуирани се 30 хуманитарни пакети (прехранбени, хигиенски и дезифициенси) за корисничките на програмата и нивните семејства кои се обезбедени со поддршка од други донатори.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**

Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Тековни активности во прифатилиштето и во местата на живеење на штитеничките и Обезбедување на хуманитарна помош | Безбедно сместување е обезбедено на вкупно 8 лица вклучени во програмата. За три жртви беше обезбедено сместување во Центар за жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство, а уште 5 се сместени во различни установи или кај нивните семејства, но добиваат услуги за нивно закрепнување. Во Центарот на корисниците им беа обезбедени сите потреби за нормален живот како храна и хигиенски средства, облека, обувки и сл. Вработените како раководители на случаи редовно ги ажурираа индивидуа планови за помош на жртвите, а кои се прилагодени во согласност до достапните услуги. Се реализираше тековно функционирање на Центарот преку мотивирање на штитеничките да ги спроведуваат секојдневните обврски со готвење, одржување на хигиена, организација на нивното слободно време итн. Во овој период во Центарот фокусот беше ставен на спроведување на внатрешни мерки и протоколи во врска со | 01.06.-31.12.2020 | 8 лица потенцијални и/или жртви на трговијата со луѓе и сексуално насилство се вклучени во програмата за психосоцијална поддршка и добиле соодветни сервиси во зависност од нивните потреби; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | дезинфекција на објектот и почитување на превентивни мерки на вработените. Особено се даде посебно внимание на одржување на висока хигиена во Центарот како мерка против КОВИД 19. За другите корисници сместени надвор Центарот беше обезбедено редовно советување поврзано со состојбата и мерките на КОВИД 19 и начините на заштита. Исто така за нив беа обезбедени хигиенски средства за одржување на хигиената на високо ниво. | | |
| Медицинска помош | Еден од клучните елементи за закрепнување на жртвите е непречен пристап до медицинска нега и поддршка. Најголем дел од жртвите биле изложени на повредување и насилство на различни нивоа. Оваа помош е прилагодена специфичната состојба на секоја жртва. Повеќето од нив немаат пристап до здравствено осигурување, основна здравствена заштита, или специјализиран третман. За време на периодот на известување жртвите имаа најразлични потреби од медицинска помош. Така, беа реализирани 7 медицински интервенции за корисници на програмата во согласност со нивните потреби. Дополнително, беа обезбедени соодветни лекови за корисничките. Сите интервенции беа направени во согласност со протоколите за заштита донесени од Министерството за здравство. Дополнително, за две штитенички кои се во програмата за помош и поддршка обезбедени се средства за ПЦР тестови со цел утврдување на постоење на КОВИД 19-вирусот пред нивно сместување на соодветно место. | 01.06.-31.12.2020 | реализирани 7 медицински интервенции, 7 лица го подобриле своето здравје преку добиена медицинска услуга. Две штитенички се тестирани за постоење на КОВИД 19-вирусот пред нивно сместување на соодветно место |
| Психо-социјална помош и поддршка | Во текот на периодот на известување особено беше ставен | 01.06.-31.12.2020 | За време на периодот на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | акцент на подобрување на менталното здравје на корисничките. Се спроведуваа индивидуални психолошки советувања за надминување на траумите на жртвите специфично насочени кон поддршка на физичкото, емоционалното и ментално здравје итн. Исто така беа реализани групни работилници со зададени теми насочени кон подобрување на чувството на жртвите за нивна благосостојба, ублажување на чувството на вознемиреност и решавање на кризи и други теми од интерес. За оние жртви кои се сместетни надвор од Центарот се обезбеди индивидуално советување преку интернет поради моменталната состојба на КОВИД 19 во земјата. | | известување беа реализирани 115 психолошки интервенции од кои 85 индивидуални советувања и 30 тематски групни работилници со корисници. 8 лица имаат подобрено физичко и ментално здравје |
| Правно советување | Правна помош и советување е важен сегмент од програмата. Со цел жртвите да бидат детално информирани за правниот систем во земјата како и за нивните права, искусна адвокатка обезбеди информации за правниот систем во земја за сите корисници на програмата. Дополнително адвокатката им даваше практични совети и ги застапуваше жртвите пред судските органи. Во периодот на известување за 6 штитенички беше обезбедено советување од страна на адвокатката. | 01.06.-31.12.2020 | 6 лица се информирани за своите права и обезбеден им е пристап до примарна и секундарна правна помош. |
| 6. Образование и дополнителна професионална квалификација | Во текот на спроведување на проектот 4 жртви беа вклучени во процесот на формалното образование. Со соодветните училишта беше договорено дека жртвите можат да полагаат класен испит. Процесот на полагање на испитите беше директно договорен со наставниците во училиштето за да можат жртвите да ги полагаат | 01.06.-31.12.2020 | Четири жртви вклучени во образовен процес; 4 жртви го завршија првото полугодие со многу добар успех. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | преку интернет. Па така една жртва заврши 9-то одделение, а другата заврши 7мо одделение. Со помош на вработените во Ла Страда во подготовката на училишниот материјал и одговарање на испитните прашања тие успешно ја завршија учебна година. Дополнително, за две жртви кои беа надвор од образовен процес беше пронајдено училиште за запишување и тие започнаа со онлајн образование од Октомври." Сите штитенички продолжија да ја следат наставата во согласност со донесените мерки за образование преку он лајн настава. За штитеничките кои се сместени во Центарот се обезбедени сите технички помагала за да можат редовно да ја следат наставата (компјутери, камери, слушалки). | | |
| 7. Вклучување на семејството/повторно обединување | За време на периодот на известување за една жртвата истече решението за сместување во Центарот и вработените заедно со жртвта и нејзиноит старател ги разгледуваа сите можности за нејзино долгорочно сместување. Враќање во нејзиното семејството не беше можно, бидејќи таа беше експлоатирана од нејзините родители. На крајот тоа беше одлучено девојчето да биде сместено во „Мал групен дом“, државна форма на организирано живеење за деца без родителска грижа. Сепак, девојчето ќе остане програмата за помош и поддршка и вработените од Отворена Порта ќе продолжат да и обезбедуваат советување и сите други потребни услуги. За другите кориснички вклучени во програмата беше проценето од нивните старатели во соработка со персоналот во Центарот дека сè уште постои потреба за тие да останат во програмата и добиваат советодавни услуги поради фактот | 01.06.-31.12.2020 | За една жртва е најдено соодветно долгорочно сместување и е вклопена во средината во која што живее |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | дека нивната психолошка стабилизација сеуште не е достигната. | | |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Реализацијата на програмските активности во текот на спроведување на проектот се одвиваше без поголеми промени и според планираното. Имајќи во предвид дека програмата за психосоцијална помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство се спроведува долги години наназад, при спроведувањето на овој проект не се соочивме со некои значителни проблеми во однос на негова реализација. Активностите се спроведуваа тековно по предходно предвидени временски рокови и беа спорведени сите планирани активности.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Имајќи ја во предвид специфичноста на проектот не беа организрани никакви јавни настани или објави со цел да биде заштитен идентитетот на жртвите како и нивните лични приказни кои можат да бидат препознаени од страна на средината во која што се случила експлоатацијата или каде што ќе живеат понатаму | | | |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Преку спроведувањето на конкретните активности за директна подршка на жртвите организацијата успеа да ги постигне поставените резултати. Соодветен третман на жртвите од трговијата со луѓе во целост е обезбеден преку обезбедување на социјални услуги на овие лица во рамките на комплексната програма за директна поддршка. Имплементација на програмата за Зајакнување на жртвите на трговија со луѓе се покажа како многу успешна во надминување на траумите кај тргуваните лица како и нивна успешна реинтеграција. Предвидените резултати се реализираа во текот на спроведувањето на проектот. Жртвите на трговија со луѓе ја добија потребаната помош и заштита која им помогна во надминување на траумите и интегрирање во општеството. Овој заклучок не води до понатамошни планови за продожување на спроведување на програмата за психосоцијална помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство.

Отворена Порта продолжи да ја унапредува соработката и координацијата со сите релевантни партнери за борба против трговија со луѓе во Македонија, а особено со МТСП/НМУ, МВР и Националната Комисија. Главен акцент беше ставен на прашањата поврзани со идентификација, соодветно упатување, обезбедување на сервиси, реинтеграција и ресоцијализација на жртви од трговија со луѓе. Дополнително интензивна комуникација беше остварена со Центрите за социјална работа од внатрешноста поврзано со спроведувањето на реинтеграционата програма и индивидуална работа со семејствата на жртвите со цел нивно прифаќање. Овие активности и во иднина ќе бидат спроведувани со цел развивање на комплексна програма во која ќе бидат вклучени сите релевантни актери со цел ефикасна интеграција на жртвите од трговија со луѓе.

Во однос на одржливост на проектот здружението ќе продолжи да лобира кон државните институции, специфицчно кон Министерството за труд и социјална политика за обезбедување постојани извори на финансирање на оваа програма. Дополнително здружението ќе контактира со интенационални фондации кои би можеле да ја поддржат програмата.

## 7. Резиме на Финансискиот извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| I. Човечки ресурси | 478 280.00 | 478 280.00 | |
| II. Оперативни трошоци | 0.00 | 0.00 | |
| III. Директни трошоци | 331 720.00 | 331 720.00 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | **810 000.00** | **810 000.00** | |

## 8. Документација
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

**I. Човечки ресурси**

1. Декларации за уплата на плати за месец Јули, Август, Септември, Октомври, Ноември, Декември 2020
2. Извод бр. 36,47 и 78 од сметката на Отворена Порта
3. Извод бр. 14,15,17,22, 25 и 27 од сметката за плати на Отворена Порта – Сигурна куќа
4. Извод бр. 38, Фактура бр.2882/20-1 од Еуролевел, налог за уплата
5. Извод бр. 45, Фактура бр. 3157/20-1 од Еуролевел, налог за уплата
6. Извод бр. 57, Фактура бр. 3653/20-1 од Еуролевел, налог за уплата
7. Извод бр. 68, Фактура бр. 4070/20-1 од Еуролевел, налог за уплата
8. Извод бр. 78, Фактура бр. 4642/20-1 од Еуролевел, налог за уплата

**III. Директни трошоци**

1. Извод бр. 31
   - Фактура бр. 9-36/50, 04.08.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
   - Фактура бр. 3-36/65, 20.07.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
   - Фактура бр. 3-36/68, 27.07.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
2. Извод бр. 32 Фактура бр. 9-36/53, 11.08.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
3. Извод бр. 33 Фактура бр. 9-36/55, 18.08.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
4. Извод бр. 34 Фактура бр. 3-36/73, 25.08.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
5. Извод бр. 37 Фактура бр. 9-36/59, 01.09.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
6. Извод бр. 39 Фактура бр. 3-36/76, 09.09.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
7. Извод бр. 40 и налог за подигање готовоина
   - Фискална сметка бр. #0032, 16.09.2020 од ПЗУ Биотек Лабараторија
   - Фискална сметка бр. #0059, 18.09.2020од ПЗУ Сара Фарм
8. Извод бр. 43 Фактура бр. 9-36/62, 17.09.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
9. Извод бр.45 Фактура бр 3163/20/1, 29.09.2020 од Еуролевел, налог за уплата
   - Авторки договори за Соња Димитриевска, Даниела Митревска, Ивана Кекеква, Марија Кикилингова и Марина Ѓурчиновска
10. Извод бр. 47 Фактура бр. 9-36/67, 01.10.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
11. Извод бр. 50 Фактура бр. 9-36/73, 08.10.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
12. Извод бр. 50 и налог за подигање готовоина
    - Фискална сметка бр. #0025, 09.10.2020 од ПЗУ Сара Фарм
13. Извод бр. 52 Фактура бр. 9-36/75, 15.10.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
14. Извод бр. 53 Фактура бр. #0054, 02.11.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
15. Извод бр. 54 и налог за подигање готовоина

- Фискална сметка бр.  #0018, 15.07.2020 од ПЗУ Аптека Виола
- Фискална сметка бр.  #0019, 15.09.2020 од ПЗУ Сара Фарм
- Фискална сметка бр.  #0140, 02.10.2020 од Веропулос
- Фискална сметка бр.  #0105, 07.10.2020 од Бета Хит Компани
- Фискална сметка бр.  #0054, 09.10.2020 од Стокомак
- Фискална сметка бр.  #0035, 13.10.2020 од Веропулос
- Фискална сметка бр.  #0073, 22.10.2020 од Навел Импекс
- Фискална сметка бр.  #0067, 25.10.2020од Веропулос

16. Извод бр. 57 Фактура бр. 9-36/79, 29.10.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
17. Извод бр.58 Фактура бр 3697/20/1, 03.11.2020 од Еуролевел, налог за уплата
    - Авторки договори за Соња Димитриевска, Даниела Митревска, Ивана Кекеква, Марија Кикилингова, Катерина Трповска и Марина Ѓурчиновска
18. Извод бр. 60 Фактура бр. 9-36/81, 05.11.2020од Рептил Маркет, налог за уплата
19. Извод бр. 63 Фактура бр. 9-36/84, 12.11.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
20. Извод бр. 64 и налог за подигање готовоина
    - Фискална сметка бр.  #0105, 04.11.2020 од Бурекџилница Круна
    - Фискална сметка бр.  #0107, 04.11.2020 од Бурекџилница Круна
    - Фискална сметка бр.  #0047, 16.11.2020 од ПЗУ Сара Фарм
21. Извод бр. 65 Фактура бр. 9-36/87, 19.11.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
22. Извод бр. 67 Фактура бр. 9-36/92, 26.11.2020 од Рептил Маркет, налог за уплата
23. Извод бр. 71 Фактура бр. 56/20, 09.12.2020од ПЗУ Томи - Д, налог за уплата
24. Извод бр. 74 и налог за подигање готовоина
    - Фискална сметка бр.  #0040, 04.12.2020 од ПЗУ Сара Фарм
    - Фискална сметка бр.  #0048, 06.12.2020 од ПЗУ Сара Фарм
    - Фискална сметка бр.  #0048, 10.12.2020 од ПЗУ ЗЕГИН

Скопје, 25.01. 2021 год.
(Место) (датум)

Јасмина Димишковска Рајковска – Извршна директорка

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

(Потпис)

М.П.

ОТВОРЕНА ПОРТА

| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на здружението | **Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта -Скопје** | | | |
| Наслов на проектот | **Програма за психосоцијална помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство** | | | |
| Доделена финансиска поддршка | 810 000,00 | | | |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | 1 575 864,00 | | | |
| Вкупен буџет на проектот | 2 385 864,00 | | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | | |
| Буџетска линија | Вкупно | Реализирано | Остаток | Остаток (%) |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | |
| Плати и надоместоци | | | | |
| Раководител на Програма за социјална 35% асистенција | 212.688 | 212.688 | 0 | 0% |
| Координатор на ЦЖТЛ 50 % | 202.592 | 202.592 | 0 | 0% |
| Финансиски раководител 15% | 63.000 | 63.000 | 0 | 0% |
| | | | | |
| Вкупно за I | 478.280 | 478.280 | 0 | 0 |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Транспорт | | | | |
| | | | | |
| Канцелариски трошоци | | | | |
| | | | | |
| Услуги | | | | |
| | | | | |
| Информации и комуникација | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| Вкупно за II | 0 | 0 | 0 | |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| **Активност 1. Тековни активности во прифатилиштето и во местата на живеење на штитеничките** | | | | |
| 1.1. Идивидуални активности со штитеничките и нивните семејства ( 2 социјални работници) | **98.000** | 95.904 | 2.096 | |
| 1.2 Трошоци за сместување во државен карантин | **0** | 0 | 0 | |
| **Активност 2. Обезбедување на хуманитарна помош** | | | 0 | |
| 2.1 Храна и хигиенски средства | **70.720** | 73.358 | -2.638 | |
| 2.2. Облека | **0** | | 0 | |
| **Активност 3. Медицинска помош** | | | | |
| 3.1 Медицински прегледи | **12.000** | 10.050 | 1.950 | |
| 3.2 Лекови | **4.000** | 3.312 | 688 | |
| **Активност 4. Психо-социјална помош и поддршка** | | | | |
| 4.1 Психо-социјално советување со штитеничките и нивните семејства ( 3 психолози) | **147.000** | 149.096 | -2.096 | |
| Вкупно за III | **331.720** | **331.720** | **0** | **0** |
| **ВКУПНО I + II + III** | **810.000** | 810.000 | 0 | **0%** |

Во табелата треба да се наведат реализираните трошоци за времетраење на проектот. Наведените трошоци треба да бидат конзистентни со оригиналните фактури и/или останати финансиски документи врз основа на кои е направен трошокот. Корисникот треба да ги чува оригиналните финансиски документи, како што е наведено во Договорот за обезбедување на финансиска поддршка. За потребите на известување или ревизија, Генералниот секретаријат може да ја побара на увид целокупната придружна документација.

ОТВОРЕНА ПОРТА
Скопје